# КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Архивски знак / Shenja arkivore 0306
Рок на чување / Afati i ruajtjes 10г.
31. 12. 2024 година / viti
Потпис / Nënshkrimi

Бр. 03-529/1
Скопје, 05.12.2024

Врз основа на член 49 став (1) и член од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), а во врска со член 37 став (3) од Законот за електронско управување и електронски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19), Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

за овластување на верификатори на процесите за обезбедување на електронски услуги

**Член 1**

За верификатори на процеси за обезбедување на електронски услуги за граѓаните на Република Северна Македонија за чие обезбедување е надлежна **Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (во понатамошниот текст:Комисијата)**, се овластуваат следните административни службеници:

**- Огнен Коцевски, ognen.kocevski@kovz.gov.mk,078/370-638**

**Член 2**

Верификаторите од член 1 на ова Решение, се овластуваат во Каталогот на услуги да ги вршат следните работи:

- да ги внесат сите неопходни податоци кои се однесуваат на услугите кои ги обезбедува Комисијата за граѓаните на Република Северна Македонија, во електронските обрасци обезбедени преку Каталогот на услуги,
- да ги корегираат, изменат или дополнат внесените податоци за тие услуги доколку има потреба од истото,
- да ги потврдат и одобрат информациите содржани во Каталогот што се однесуваат на услугите за кои е надлежна Комисијата пред нивното објавување, односно да извршат верификација на истите и
- да вршат нивно ажурирање во случај на било какви идни промени кои може да влијаат на обезбедувањето на услугите, а кои произлегуваат од соодветни измени или дополнувања во законот или подзаконските акти со кои се определуваат услугите за чие обезбедување е надлежна Комисијата.

**Член 3**

Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на одредбите од Законот за електронско управување и електронски услуги, верификаторот на процесите за обезбедување на електронски услуги ја потврдува содржината на стандардизираните електронски обрасци и ги потврдува административните процеси врз



Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Р. С. Македонија

основа на претходно овластување издадено од раководното лице на органот. По уписот или ажурирањето во евиденцијата на услуги во Каталогот за услуги, а пред нивното објавување на Националниот портал за електронски услуги, верификаторот ја потврдува содржината на стандардизираните електронски обрасци и ги потврдува административните процеси кои се поврзани со услугите што ги обезбедува органот. Пред објавување на информациите содржани во Каталогот што се однесуваат на услугите за кои е надлежно Комисијата, истите се потврдуваат и одобруваат од страна на верификаторот.

Секој надлежен орган кој обезбедува електронски услуги за граѓаните на Република Северна Македонија преку Каталогот на услуги е должен да определи верификатор на процеси за обезбедување на електронски услуги, согласно одредбите од Законот за електронско управување и електронски услуги. Верификатор е вработено лице во надлежен орган, кој во името на надлежниот орган ги потврдува административните процеси кои се поврзани со услугите што ги обезбедува органот, врз основа на претходно овластување издадено од раководното лице на органот на вработениот за верификација на процеси.

Согласно член 26-а став (1) Министерството за дигитална трансформација ги врши работите што се однесуваат на развојот и промоцијата на информатичкото општество, технолошкиот развој и технолошката култура, подготвување на стратешки документи од областа на дигитализацијата, организирање и спроведување на обуки за дигитални вештини, безбедност на мрежи и информациски системи, дигитализација на јавните услуги, администрирање со интегрирана база на лични податоци на населението на Републиката и соодветните книги за евиденција, креирањето и водењето на регистар на информационите и комуникациските системи и информатичката опрема во рамките на органите на државната управа, интегрираната информатичка и комуникациска мрежа, базите на податоци, меѓусебното поврзување и размена на информации, безбедносните аспекти и развојот на инфраструктурата на државните органи, правните и другите лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, следењето на состојбите со информациските и телекомуникациските технологии и воведување на меѓународни стандарди, телекомуникациите и телекомуникациската инфраструктура, радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура, остварувањето на меѓународна соработка по прашања од негова надлежност, надзор од негова надлежност и врши и други работи утврдени со закон.

Тргнувајки од претходното, имајки предвид дека Министерството за дигитална трансформација е надлежно за обезбедување на електронски услуги за граѓаните на Република Северна Македонија, одлучено е како во диспозитивот на ова Решение.

Доставено до:
- Именуваните
- Архива
- Одделение за управување со човечки ресурси

Директор
Оливера Трајковска

Подготвил: О.Коцевски
Одобрил: Е.Стојанова



Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

ул. „Бихаќка" бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Р. С. Македонија